

# ИЗЛОЖБА

**На ликовни дела на тема НОВ**
**(цртежи, графики и карикатури)**

**КИЧЕВО, октомври 1973**

Изложбата ја организира Одборот за одбележување прославата на 30-годишнината од создавањето на слободни територии и формирањето на крупни единици во Македонија

Реализација на изложбата: Музеј на современата уметност, Скопје

Концепција на изложбата и подготовка на текстот за каталогот: Љ. Дамјановска

Поставка на изложбата: Т. Серафимовски

Печатница: Графички погон „Светлост“, Скопје

Тираж: 1.000

# КАТАЛОГ

**Цртежи**

**Тоде ИВАНОВСКИ**, сликар

Роден 1924 во Неготин на Вардар

1. Цртеж I (сопственост на авторот)
2. Цртеж II —“— —“—
3. Цртеж III —“— —“—
4. Цртеж IV —“— —“—

**Димче КОЦО**, професор по историја на уметноста.

Роден 1910 во Охрид. Завршил Филозофски факултет во Белград 1936.
Се занимава со сликарство, скулптура, таписерија. Дописен член на МАНУ.

5. Злосторници, цртеж со фломастер, 29 x 22, 1967 (сопственост на авторот)

**Боро КРСТЕВСКИ**, скулптор

Роден 1931 во Скопје. Завршил училиште за применета уметност во Загреб 1952.

6. Цртеж I (сопственост на авторот)
7. Цртеж II —“— —“—

**Борко ЛАЗЕСКИ**, сликар

Роден 1917 во Прилеп. Завршил Академија за ликовни уметности во Софија.

8. Партизански одмор, цртеж со туш, 21,5 x 15, 1944 (сопств. Истор. муз. на СРМ)
9. Борци на спиење, цртеж со туш, 21,5 x 15, 1944 —“— —“—
10. Чистење од вошки I, цртеж со туш, 21,5 x 15, 1944 —“— —“—
11. Чистење од вошки II, цртеж со туш, 21,5 x 15, 1944 —“— —“—

**Ристо ЛОЗАНОСКИ**, сликар

Роден 1923 во Прилеп. Умрел 1964 во Скопје. Завршил Академија за ликовни уметности во Белград.

12. Колона, цртеж со туш, 30 x 21,5, 1959 (сопств. Фанче Лозаноска)
13. Ранет партизан, цртеж со туш, 30 x 42,5, 1959 —“— —“—
14. Збег, цртеж со туш. 30 x 42,5 1959 —“— —“—
15. Партизани, цртеж со туш, 39 x 23, 1959 —“— —“—

**Никола МАРТИНОСКИ**, сликар

Роден 1903 во Крушево. Умрел 1973 во Скопје. Завршил Академија за ликовни уметности во Букурешт. Беше редовен член на МАНУ.

16. Одмор, цртеж со молив, 45 x 31, 1944 (сопственост МСУ, Скопје)
17. Партизан, цртеж со молив, 47 x 23, 1944 —“— —“—

**Радмило ПОПОСКИ**, сликар

Роден 1921 во Солун. Завршил Академија за ликовни уметности во Љубљана 1953.

18. Партизански јуриш, цртеж со молив, 69 x 99, 1960 (Сопств. Истор. муезј СРМ)
19. 13 ноември, цртеж со молив, 71 x 96, 1969 (сопственост на авторот)

**Нико ТОЗИ**, графичар, ликовен педагог и рецезент

Роден 1924 во Охрид. Завршил Виша уметничка школа во Русе.

20. Прва бразда, цртеж со молив, 30 x 21, 1944 (од партизанскиот блок) (сопственост на авторот)

**Г р а ф и к и**

**Божин БАРУТОВСКИ,** графичар

Роден 1931 во с. Селце (охридско). Завршил Училиште за применета уметност во Скопје 1953.

1. Јама, линорез во боја 5/5, 67 x 47,5, 1963 (сопственост МСУ, Скопје)
2. Сеќавање за 1942, линорез 3/4, 68 x 48, 1963 —"— —"—
3. Печат на минатото, линорез 2/5, 64 x 48, 1966 —"— —"—
4. Пред победата, линорез 1/5, 53 x 4, 1967 —"— —"—

**Боро КРСТЕВСКИ,** скулптор

5. Логораш, литографија во боја 1/5, 28 x 40, 1958 (сопств. Истор. муз. на СРМ)

**Нико ТОЗИ,** графичар, ликовен педагог

6. Портрет на командантот Ѓуро Брајовиќ, подготовка за дрворез 30 x 21, 1944 (сопственост на авторот)

**Петар ХАЏИ БОШКОВ,** скулптор

Роден 1928 во Скопје. Завршил Академија за ликовни уметности во Љубљана

7. Од циклусот „Бесилки", моно-литографија О. А. 60 x 50, 1969 (сопственост на авторот)
8. Од циклусот „Бесилки", моно-литографија О. А. 60 x 50, 1969 —"— —"—
9. Од циклусот „Колона", моно-литографија О. А. 60 x 50, 1969 —"— —"—
10. Од циклусот „Човек", моно-литографија О. А. 60 x 50, 1969 —"— —"—

**Бранко ШОТРА**, сликар, графичар, илустратор

Роден 1906 во Пљешивац кај Стоц. Умрел 1960 во Стокхолм. Завршил Наставнички оддел на Државната уметничка школа во Белград 1927.

11. Колона, дрворез 6/10, 32 x 25, 1958 (Сопств. Истор. муз. на СРМ)
12. Пренос на ранети, дрворез 2/5, 50 x 40, 1958 —"— —"—
13. Сутјеска, дрворез 3/5, 50 x 40, 1958 (сопств. Умет. гал., Скопје)

**К а р и к а т у р и**

**Василие ПОПОВИЌ — ЦИЦО,** сценограф, карикатуриста, илустратор

Роден 1914 во Скадар. Умрел 1962 во Скопје. Завршил Уметничка школа во Белград 1938.

1. Бункер, темпера на картон, 32 x 26, 1945 (сопств. Умет. гал., Скопје)
2. Фашистичка парада, темпера на картон, 32 x 26, 1945 —"— —"—

На изложбата е прикажан само дел од поголемиот ликовен опус на македонските уметници, инспириран од нашето блиско револуционерно минато — НОВ. Бројот на експонатите застапени на изложбата е сообразен со расположивите изложбени простории во градот.

Цртежот и графиката, како наједноставни ликовни дисциплини истовремено претставуваат незаменливи и неповторливи ликовни креации, кои во себе го носат здивот на најискрен приод кон мотивот. Организаторот на изложбата од тоа и се раководеше при одредувањето на концепцијата на изложбата.

Дел од изложените цртежи и графики работени се од уметници и самите учесници во НОВ (Тоде Ивановски, Ристо Лозаноски, Бранко Шотра, Нико Този). Длабоко и искрено проникнати со доживеаното, овие дела во себе ја носат снагата на максимална ангажираност и истовремено претставуваат автентични ликовни документи и сведоштва на Револуцијата. Ориентацијата кон оваа тема кај другите уметници, претставува еден посебен период во нивниот целокупен уметнички опус, кај некои, мошне значаен (Никола Мартиноски, Борко Лазески, Боро Крстевски, Божин Барутовски), кај некои, како моментна инспирација за ликовно обликување на најславниот период во историјата на нашите народи (Радмило Попоски, Петар Хаџи Бошков, Василие Поповиќ — Цицо, Димче Коцо, и уште десетина други уметници, кои не се застапени на изложбата).

Изложбата на цртежи и графики од македонски автори дополнета е со неколку графички отисоци од Бранко Шотра, кој за време на НОВ се борел на територијата на Македонија и зад себе оставил голем опус графички дела и цртежи од овој период.

На насловната страна: „Партизан“, цртеж со молив од Никола Мартиноски